WORLD ROCK ART ACADEMY
MUSEUM & ROCK ART STUDIES
Mob. Phone:++ 389-70-527-745
e-mail: dual744@gmail.com

СВЕТСКА АКАДЕМИЈА ЗА КАРПЕСТА УМЕТНОСТ
МУЗЕЈ И НАУЧНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ
e-mail: dual744@gmail.com
070-527-745

Предмет: Предлог за придонес во подготвувањето на програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018.

Предлагач: НВО Светска академија за карпеста уметност, улица „Питу Гули" 13а, 1300 Куманово.

Автори:

1. универзитетски професор, д-р Душко Алексов ски, улица „Питу Гули", број 13, 1300 Куманово;
2. Универзитетски професор, археолог, проф. д-р Звонимир Николовски „Моша Пијаде", број 224/2 1300 Куманово;
3. Душица Стаменковска, дипломиран археолог и историчар, „Сава Ковачевиќ", број 46-а 1/7.

Имајќи ги на увид стратешките начела на Владата за севкупен развој на земјата, особено нејзините заложби да се поддржуваат и финансираат проекти од општ национален интерес, во таа смисла ги доставуваме следните предлози на овој план за реализирање во 2018 година:

1. Воведување и финансирање на манифестацијата: „Денови на македонската карпеста уметност, како најзначајно македонско праисториско уметничко наследство ".
2. Објавување на севкупното дело посветено на македонската карпеста уметност во 30 тома, по повод 100 години од времето кога француска екипа во 1915 година под раководство на проф. д-р Етјен Пат, Etienne Patte, за прв ја открива карпестата уметност на наша територија, а материјалот го објавува во 1935 година;
3. Организација на Светскиот конгрес за карпеста уметност во јули 2020 година (14 - 21);

## Образложение

Предлог 1. Оваа благородна активност е потребна поради фактот:

-Македонија е најбогата земја со карпеста уметност во Европа. На територијата на Република Македонија се откриени неколку стотици илјади примероци од ова значајно наследство;

-Во 2002 година (14-21 јули) се одржа Светскиот конгрес за карпеста уметност, финансиран од УНЕСКО, види доставена фото документација;

-Македонија е првата земја во Европа каде е откриен најголем дел од ова значајно македонско и светско наследство (останува да се истражи само Липковскиот регион);

-Архивскиот материјал од оваа област на наша територија според светските истражувачи на карпестата уметност е проценет на 32.000.000 (триесет и два милиони евра);

-Подготвен е материјал од оваа област со кој можат да се наполнат два музеја со капацитет на денешниот археолошки музеј на Македонија;

-Во учебниците за историја за средните училишта постои лекција под наслов „Карпеста уметност";

-Карпестата уметност е присутна во сите општини на Република Македонија;

**Предлог 2. Реализацијата на овој проект од национален интерес е потребен поради фактот:**

- Ова грандиозно дело со 30.000 страници со 5.000 фотографии, цртежи и графикони кое би било објавено со паралелен текст, англиски и македонски, ќе претставува најголем споменик, афирматор и популаризатор на македонската нација, наука и култура. Во светот не постои друг пример каде една земја објавува таков корпус за својата карпеста уметност;
- Објавувањето на ова дело би било сатисфакција и за министерката Радмила Шекеринска која го посети општинскиот музеј за карпеста уметност во Кратово и за поранешниот министер за Финансии, Никола Поповски, кој целосно ги помогна истражувачките активности поврзани со карпестата уметност;
- Министерот за образование и наука д-р Ризван Сулејмани во името на министерството за образование и наука издаде документ од кој се гледа дека тој ја поддржува идејата за отворање факултет за карпеста уметност, види фотодокументација;
- Лидерот на македонската карпеста уметност д-р Душко Алексовски, е кооптиран за член на светскиот конзорциум за праисторија, види фотодокументација;
- Од доставениот филм на ДВД, посветен на карпестата уметност, се гледа дека најголем број македонски стручни лица од највисок ранг, ја прифатија карпестата уметност како нераскинлив дел од македонското културно ткиво, види доставен материјал ДВД;
- За вредноста на карпестата уметност во светот и Македонија зборува службеното писмо од проф. д-р Жан Клот до д-р Душко Алексовски, експерт на УНЕСКО во областа на карпестата уметност, види фотодокументација;

**Предлог број 3**

Оваа активност е круна на долгогодишната наша активност.

Организацијата на Светски конгрес посветен на карпестата уметност би претставувала најголема афирмација на Република Македонија на Меѓународен план.

Учесниците на овој конгрес од земјата и светот би се запознале со нашето најзначајно културно наследство.

Овој конгрес уште еднаш ќе потврди дека Македонија е светски лидер на полето на истражувањето на карпестата уметност, нејзина целосно кабинетско анализирање во консултација со афирмирани и признати универзитетски професори од сите населени континенти.

Одржувањето на конгресот ќе ја афирмира и идејата за изградба на Музеј на карпестата уметност кој ќе постане вистински репрезент во светски рамки во областа на праисториската уметност. бодејќи во Македонија се откриени импресивни примероци од оваа уметност со какви примери не располага ниту една земја во светот.

Македонија во извесна смисла ќе се презентира како вистинска велесила на овој план, особено поради фактот, што преовладува ставот во науката дека во онаа земја во која е откриен најголем број од праисториски цртежи на карпа и камен, таа земја се смета за еден од најважните светски центри каде почнало човековото освестување и описменување. Музејот ќе значи прилог повеќе во развојот на туризмот во Македонија, бидејќи во тој музеј би се поставиле слики, цртежи и артефакти кои никаде на друго не би можеле да се видат. Одржувањето на овој конгрес е битен како еден вид и одговор нас старата влада која не дозволи да се одржи конгресот што беше планиран да се одржи во 2011 година!!!

Куманово, 14 септември 2017

д-р Душко Алексовски

Претседател,

WORLD ROCK ART ACADEMY
СВЕТСКА АКАДЕМИЈА ЗА КАРПЕСТА УМЕТНОСТ
С. А. К. У.
*SKOPJE 20 JULY 2002*

WORLD ROCK ART ACADEMY
MUSEUM & ROCK ART STUDIES
Mob. Phone:++ 389-70-527-745
e-mail: dual744@gmail.com

СВЕТСКА АКАДЕМИЈА ЗА КАРПЕСТА УМЕТНОСТ
МУЗЕЈ И НАУЧНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ
e-mail: dual744@gmail.com
070-527-745

## Изјава од извршената анализа за оправданоста на нашите предлози

Светската академија за карпеста уметност за потребите на доставените предлози за придонес во подготвувањето на програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 го доставува документот за извршена анализа за оправданоста на овие дадени предлози.

Анализата е извршена со разгледување на севкупниот архивски и друг вид материјал поврзан со карпестата уметност, како и дадените изјави на универзитетски професори и други научни и културно работници, снимени на ДВД, доставени во прилог. Во прилог на анализата е у видот во дадените јавни изјави преку електронските и пишаните медиуми од страна на врвни македонски и странски експерти од областа на карпестата уметност.

Од снимениот материјал може да се види дека универзитетските професори од катедрата за археологија и историја на уметност проф. д-р Владимир Величковски и проф. д-р Виктор Лилчиќ целосно ги поддржуваат истражувањата во областа на карпестата уметност.

Проф. д-р Александар Апостолов со воодушевување зборува за карпестата уметност. Академик проф. д-р Цветан Грозданов зборуваше на отворањето на изложбата посветена на карпестата уметност, во 2004 година во НУБ „Свети Климент охридски". На таа изложба зборуваше и претседателот на Светската федерација за карпеста уметност проф. д-р Дарио Сеље и неговиот соработник Пјеро Рикјарди, види фото документација.

Карпестата уметност е дел од воспитно образовниот процес на Република Македонија.

Кај луѓето во Македонија постои голем интерес за отворање на центри за карпеста уметност. Центрите во Кратово и Струмичко Ново Село се веќе регистрирани според Законот, а сега во Богданци тече активност за регистрација на центар за карпеста уметност во оваа општина.

Самиот факт дека нашите предавања и изложби беа организирани на целата територија на Републиката и во голем број странски културни центри е во прилог на фактот дека овие наши предлози се дадени во право време и на право место и во интерес на афирмацијата и популаризацијата на нашата нација наука и култура.

Најголем доказ за оправданоста на нашите предлози е потпишаниот меѓудржавен договор меѓу Република Италија и Република Македонија, за време кога амбасадор на

Република Италија во Македонија беше д-р Фаустино Трони, види фото документација.

Фактот дека македонските и светските медиуми објавија неколку стотици написи и репортажи за македонската карпеста уметност, е во прилог на заклучокот дека тоа е значајно историско и културно наследство на Република Македонија.

Во прилог на нашите предлози оди фактот дека нашите истражувања се финансирани од повеќе владини институции и бројни работни организации од земјата и странство, точно на број 68, до 2006 година, кога владата на ВМРО – ДПМНЕ ги укина сите видови финансирања. Сепак ние успеавме десет години волонтерски да работиме и на тој начин да ја разбиеме таа блокада.

Куманово, 14 септември 2017

д-р Душко Алексовски

Претседател,

**WORLD ROCK ART ACADEMY**
**MUSEUM & ROCK ART STUDIES**
**Mob. Phone:++ 389-70-527-745**
**e-mail: dual744@gmail.com**

**СВЕТСКА АКАДЕМИЈА ЗА КАРПЕСТА УМЕТНОСТ**
**МУЗЕЈ И НАУЧНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**
**e-mail: dual744@gmail.com**
**070-527-745**

Светската академија за карпеста уметност ја дава следната

# И З Ј А В А

Светската академија за карпеста уметност е согласна за објавување на предлогот на интернет страницата на Одделението за соработка со невладини организации.

Куманово, 14 септември 2017

д-р Душко Алексовски

Претседател,